**Д-р Маја ГРЕКОВА**

**Унив. "Св. Климент Охридски", Филозофски факултет, Софија**

## СМИСЛАТА НА ДЕЈСТВУВАЊЕТО И ОЧЕКУВАЊЕТО - ПРОБЛЕМ НА "МАЛЦИНСТВОТО"

Проблемот на "малцинството" се појавува на различни рамништа и на различни начини. На еден начин (крајно различен) проблемот "малцинство" се разгледува на политичко рамниште, на друг начин се сфаќа во социјалната наука и на крајно своеобразни начини претставата, сфаќањата на научниците и политичарите оживуваат и се вплеткуваат во секојдневниот јазик и мислење.

Од една страна, несомнено отворањето на политичките и економските граници роди мобилност што доскоро беше незамислива и тоа, не само на рамништето на политичките и економските субјекти. Денес (или во догледна иднина) практично секој може да се најде на секое "место" во светот. Од друга страна, веќе е јасно дека овој процес на отворање, на достапноста на светот воопшто и, конкретно, на различните светови, за индивидуата тече паралелно со еден процес на затворање, на акцентирање на некои идентичности што, неминовно, оградуваат полиња на значајност, што формираат некакво "ние", на кое другите неминовно не му припаѓаат, тие се туѓи, непријателски, т.е. световите што станале достапни се покажуваат како непристапни.

Ова, кажано на друг начин, може да звучи и вака: глобализирачка надворешна политика и економија, внатрешна политика на признавање[1] и како резултат на тоа - конституирање на малцинства кои, одвнатре, се затвораат, а однадвор се обележуваат, т.е. даваат цврста идентичност (поткрепа во светот) на индивидуите но, во исто време, овие индивидуи се покажуваат секогаш сврзани преку оваа идентичност од страна на другите. Нешто како: јас сум слободен да бидам што ќе решам и каде сакам - другите на мене гледат преку една од мо-

[1] Независно дали се нарекува така или е таква во суштина.

ите идентичности (независно од тоа колку таа е значајна за мене), зашто неа ја прифаќаат како определувачка за мене и моите дејности.[2]

Неспорно е, исто така, дека денес во Европа значајни, во својата различност, се етничките национални малцинства.[3] Ако "производителот" на секојдневната претстава за етничките односи е традиционалноста, обврзаноста на човечките суштества кон минатото, на поимот "етнички односи" - пренагласувањето на културното (етничкото) формирање на човечките дејности, тогаш би можеле да тврдиме дека "производителот" на секојдневната претстава за етничко малцинство е модерната, т.е. националната држава, а не поимот "етничко малцинство" - теоретски изведената неопходност од признавањето на човечката различност. Други учесници: националната држава, која по определба се поставува над етничките различности и која ги отфрла од идејата, од претставата за единствената национална целина, а напоредно со ова "произведува" етнички различности како "етничко малцинство" и со самото тоа него го спротивставува на националното "етничко мнозинство"; социјалната теорија, отворена кон глобализирачките тенденции на современиот свет, настојува на признавањето на групната различност, кое признавање, самото по себе, е групно разграничување, и значи наместо чувствителност кон индивидуалните особености - затворање (одвнатре и/или однадвор) во групни идентификации.

Но, да фрлиме поглед кон историјата.[4] Во редица договори склучени меѓу Сојузните и здружени сили и некои национални држави по Првата светска војна, постои член "Покровителство на малцинствата".[5] Интересни и значајни се неколку моменти:

---

[2] И можеме да продолжиме: Јас сум таков каков што ме гледаат другите, па во тој случај мојата слобода да се самоизберам се покажува многу ограничена. Што и да правам, каде и да сум, јас сум подведен на претходните очекувања, моите дејства се интерпретираат преку ликот што ми е припишан итн. Карактеристичен за бугарската стварност денес е "Циганот". - В. Апиа и дискусијата за политиката на признавање-Мултикултурализъм, 1999.

[3] Наспроти што "малцинство" може да се нарече секоја група на луѓе кои имаат "свои" вредности, норми, начин на живот, правила на однесување итн., значајно разликувајќи се од општествено валидната нормираност на животот, од доминантната култура. Тоа би можеле да бидат не само Циганите и Турците, Евреите и Ерменците, туку и хипиците, хомосексуалците, тинејџерите итн. А дали ќе бидат имагинарни, означени како малцинство е прашање на националната култура, но и на националната политика.

[4] Треба да направам две оградувања: 1. Во однос на историскиот контекст-тука интересот ми е насочен единствено кон европската историја; во американскиот контекст претставата за "етничко малцинство" се јавува на суштествено различен начин; 2. Во однос на објектите од историјата - тука се интересирам единствено за меѓународните договори; не е возможно паралелно со нив да го проследам и формирањето на поимот "етничко малцинство" во социјалната наука.

1. **Смислата што во себе ја носи еден таков член** - се признава постоењето на етнички, религиски и јазични малцинства во европските национални држави. Во исто време употребата на "малцинство" е некако неубедлива - тоа е збор, што означува група што подлегнува на формирање поради фактот на овие договори, или поинаку кажано, поради прераспределбата на територии, како и поради распаѓањето на империите и изградбата на нови национални држави. Појавата како дотогаш да не постоела, да е нејасна. Но, тоа не е токму така. Распаѓањето на Османската империја од втората половина на 19-от век и особено Балканските војни од почетокот на 20-от век како резултат го имаат истото востановување на национални граници и нивно поместување, кое неминовно е следено со создавање на "национални малцинства". Не само што тоа е локална појава - тоа е балкански проблем. Светската војна го изведува проблемот на друго ниво - тој станува значаен елемент на меѓународните односи, предмет на посматрање, контрола и санкции од страна на тукушто создадениот субјект League of Nations, Чл. 57. Бугарија прифаќа дека тврдењата на претходните членови од дадениот оддел, доколку се однесуваат на лица, припадници на расни, религиски и јазични малцинства, претставуваат задолженија од меѓународен интерес и се ставени под гаранција на Лигата на народите (договор за мир, 1919:21).

2. Со задднината на овој наднационален субјект е поврзана и **очекуваната сила на дејствување** на вклучените во делот оддели. Чл. 49: Бугарија се задолжува да бидат признати, како основни закони, ставовите содржани во дадениот оддел: никаков закон, никаков правилник и никаков официјален распоред да не биде во противречност или во несогласност со овие ставови и никаков закон, никаков правилник и никаков распоред да нема поголема сила од нив." (Исто: 19).

3. **Со оглед на содржината одделите опфаќат:** еднаков третман на "сите жители"; еднакви граѓански и политички права на сите бугарски поданици; слободна употреба на кој и да е јазик

[5] Во Нејскиот договор тоа е Оддел IV на Дел III "Политички клаузули" (В. Договор за мир 1919:19-21), во Договорот од Сен Жермен и од Трианон - Оддел В (в. Major Peace Treaties of Modern... 1967: 1560-62; 1885-88), во Договора между Главните сьюозени и сдружени сили и Полша (за покровителство на малцинствата)" В. Сборник на международни актове и договори 1948:159-63) - Глава I. Текстовите во различните договори се во суштината исти.

во личните и во трговските односи, во религијата, печатот, публикуваните изданија; право на основање, управување и контролирање на добротворни, црковни или општествени установи со право да го употребуваат слободно својот јазик; право да учат во основните училишта на својот јазик.

Ако споредиме, "правата на малцинствата" според овие одредби, со "правата на малцинствата" според "Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства", не може а да не забележиме дека разликите не се суштински: тие се однесуваат на исцрпноста на ставовите во Рамковната конвенција, на нејзиниот јазик, на последователноста во употребата на поимите во неа, вклучително и националното малцинство. Особено воочливо е што во "Заштита на малцинствата" се вклучени и двата оддела на Рамковната конвенција што предизвикаа најнегативни реакции меѓу нејзините противници кај нас:

"Чл. 53: Без да се гледа на воспоставениот од Бугарската влада официјален јазик, бугарските поданици, кои не говорат бугарски, ќе ги имаат сите надлежни олеснувања, за да можат, било усно, било писмено, да го употребуваат својот јазик пред бугарските судови". (Исто: 20).

"Чл. 55: Во градовите и општините, во кои живее значителен број бугарски поданици од етничките, религиозни и етнички малцинства, на тие малцинства ќе им се обезбеди ползување на еден праведен дел од сумите, кои би биле доделувани од трезорот на државниот, општинскиот или друг буџет, за воспитни, религиозни или добротворни цели" (Исто).

Следствено, после Првата светска војна, се случува првиот акт на **политичко производство на етничко малцинство, едновремено со гарантирање на неговите права во националната држава, притоа гарантирање од наддржавна институција.** Но и покрај тоа што изгледа како акт на политичко признавање во денешната смисла на зборот и покрај тоа што се договара рамноправноста на етничките малцинства и создавањето на Друштвото на народите го гарантира почитувањето на договорите, од замисленото фактички ништо не се реализира. Зошто?

На прво место, **затоа што "малцинствата" се замислени дека се создаваат од "прекројувањето" на границите.** Политичка неопходност, создадена однадвор - на "нашата" територија, која најпосле повторно е "наша", се појавиле различни од "нас" групи население, кои не сакале да си отидат (не сме успеале да ги изгониме) и сега однадвор ни наложуваат да ги заштитуваме нивните права како различни. Суштествено важно е, што тие се мислат како сврзани со територијата "малцинства", при тоа со гранична територија -т.е. заштитувањето на нивните права

како различни ја вклучува нивната поврзаност со другите надвор од границата. Така, од една страна, малцинството се замислува како посебна, различна, нерамноправно поставена, поради својата различност група, чие право на различност треба да се гарантира. Од друга страна, како група што го застрашува националното цело, што ја застрашува целоста на националната држава. На страната на индивидуите, поврзувањето на малцинството со територијата создава посебен проблем. За населените на "таа" територија индивидуи, тоа е нивното место, тука се родиле, тука живееле.[6] Кога "таа" територија се јавува во границите на "друго" државно уредување, "различните" индивидуи, според потпишаните договори, се ставени пред следниот избор: или да станат поданици[7] на соодветната држава и заедно со тоа етничко (религиозно, јазично) малцинство; или да ги напуштат своите родни места и да се преселат во "својата" држава. Одвај е можно да ја разбереме сложеноста на изборот, како и сите настојувања, што го прават "доброволниот" (според договорите) избор принуден. Но, сепак е важно да го истакнеме следново: до "вчера" на ова место - град, село - живееле некакви луѓе и нивната различност не била значајна, тие живееле на тоа место и си го замислувале како свое. Но, кога тоа место по силата на договор се означува дека и припаѓа на "другата" држава, тоа започнува да се мисли на друг начин и од двете, што веќе настанале, групи луѓе. Би можело да се негодува дека и пред тоа за едните од нив, местото било туѓо. Но, не било туѓо, зашто тоа било нивното место во кое се родиле, во кое живеат - да, со некакви други луѓе но, нивното разликување од тие други луѓе по такви предзнаци - етнички или религиски - не им било значајно. Кога местото веќе не е исто, поради фактот што ги преминува границите на друга државна творба, овие разлики меѓу луѓето стануваат видливи и за нив самите, барем само затоа што едните можат да го напуштат местото на своето живеење или да останат **како различни.**

На второ место, наспроти протестот на светската војна, а и поради него, "светот" не е готов да го сврти своето внимание од гарантирање на националните интереси (што претпоставува зацврстување на националното и, заедно со тоа, истиснување на разнородието на различните етнички групи како неважно од гледна точка на целината - до асимилирање на различните, за да не ја застрашуваат целината,

[6] Сврзаноста со пространството на живеење, во поширок план со националната држава суштествено ги разликува двата начина на "појавување "на малцинства, кои условно би ги нарекла "европски" и "американски". На тој проблем овде немам можност да се задржам поопширно

[7] Така се означени во договорите по Првата светска војна.

што е гаранција за суштествувањето на своите "поданици", наспроти другите национални целини) кон гарантирање на рамноправното суштествување на "различни" групи во рамките на секоја национална држава - наднационалното наспроти националното. Дека "'светот' не е готов" - макар и да е тоа претерано општо и метафорично речено - се гледа од немоќта, фактичната нереалност на Друштвото на народите во однос на гарантирањето на запазувањето на потпишаните договори.

Во договорите по Втората светска војна нема малцинства. Не затоа што тие исчезнале, не затоа што проблемите не се забележуваат и во контекст на војните и во претставите на повоените реалности.[8] Веројатно можноста за наднационална регулација на внатрешно националните проблеми се сфаќа као нереална: светот е разделен на два моќни блока.

Во 1949 г., Генералната асамблеја на ООН ја донесува резолуцијата 217 C (III) со следнава содржина:

"Судбината на малцинствата

*Генералната Асамблеја,*

*Која прифаќа*, дека Обединетите нации не можат да останат неутрални кон судбината на малцинствата,

*Која прифаќа*, дека е тешко да се најде општо решение за ова комплексно и деликатно прашање, што има специфични аспекти во секоја држава во која израснува,

*Која прифаќа*, дека декларацијата за човековите права има универзален карактер,

---

[8] Како што покажуваат документите од различни преговори, проценки, искажувања на политичари за време на војната, проблемот за малцинствата е во полето на нивниот интерес. Но и пред крајот на војната начин за решавање на проблемот не се гледа. Само едно карактеристично искажување: "Проблемот на малцинствата е, се разбира, само еден аспект на ситуацијата со која ќе се соочат силите победнички, кога Германија конечно капитулира... Кога имаше можност да се зацртаат нови граници, беше вложен напор да се исклучи што е возможно поголем број туѓо население од реоните опфатени со нови граници. Од тие причини територијалните спогодби од Версај, Сен Жермен, Неј, Трианон и Лозана можеби беа, од таа гледна точка, најправедните што беа направени од нациите по европската војна. Меѓутоа проблемот на малцинствата неизбежно останува, наспроти сите напори тој да биде решен, а со проблемот останува и дилемата-како истовремено да се задоволат и инстинктите на националната држава и принципот на управување низ согласност... Непосредниот одговор на тој проблем... може да се објасни со долгата и сложена историја на Договорите за малцинствата што беа склучени по последната војна... Можеби тие беа, едноставно, експеримент; но во секој случај, не постигнаа успех... покровителството врз малцинство, било низ меѓународна контрола или низ локалното право, низ едностран пропис или низ двострани спогодби, е исклучително тешка и комплексна задача..." (War and Peace Aims... 1948: 473).

*Одлучи* да не се ангажира со посебна клаузула во врска со прашањето за малцинствата во текстот на Декларацијата;

*Во однос* на Социјалниот и економски комитет, претставени од делегациите на СССР, Југославија и Данска текстови по ова прашање, што се содржани во документот A/C3/307/Рев.2, и испраќа молба до Комитетот да побара од Комисијата за човекови права и од Подкомисијата за спречување на дискриминацијата и за заштита на малцинствата да преземат продлабочено истражување на проблемот на малцинствата, за да можат Обединетите нации да преземат ефективни мерки за заштита на расните, националните, религиските и јазичните малцинства" (Definition and Classification of Minorities 1950: 24-25).

Дури во 1994 г. Советот на Европа ја донесува "Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства". Нејзиното прифаќање е доброволно, придржувањето кон "принципите прокламирани во оваа Рамковна конвенција" се остварува "преку националното законодавство и на него заснованата државна политика" ("Стандарт" 17. 10. 1997), т.е. **сообразно со националната специфика.** Преку националната специфика секоја држава определува и што е тоа "национално малцинство", како и дали постојат национални малцинства.

Независно од сите тешкотии, кои веќе израснуваат и кои веројатно ќе продолжат да израснуваат од придржувањето кон Рамковната конвенција, нејзиното прифаќање значи и признавање на постоење на етничко разнородие, признавање на неговата рамноправност - политичко признавање. Неминовно и неопходно. Но, начинот на кој, на секојдневно рамниште, се сфаќа "етничкото малцинство" (види; Грекова, 1998), начинот на кој тоа добива плот, го оспорува или барем влегува во противречност, со идеологијата на признавањето - политичкото признавање на правото на постоење на различноста (во случајов етничката различност) заедно со тоа се покажува како бележење на секого, којшто е носител (по силата на своето постоење, дури не поради избор) на соодветна различност.[9]

Независно каква е за него оваа различност, независно како тој ја замислува оваа своја особеност и.т.н., како што е извесно, најсилни-

[9] Фактот што чл. 3.1. гласи "Секое лице, што припаѓа кон национално малцинство, има право слободно да избира да биде третирано или да не биде третирано како такво и никакви негативни последици не произлегуваат од тој избор или од користењето на правата кои се сврзани со тој избор ", со сигурност не ќе промени ништо во начинот на кој секојдневното сознание гледа на "оној што припаѓа кон одредено малцинство" (Рамкова конвенция.1997).

от и најмасовниот ефект од соодветното бележење е сплотувањето на бележените - кое во случајов повторно како резултат има **пре-акцентирање на етничката посебност.** Од друга страна, но во тесна врска со кажаното, оние што го извојувале правото јавно да се признае рамноправноста на нивната посебност, се покажуваат исто така јавно разграничени не просто во една по етнички белег определена група, туку во група која со самото свое именување носи нерамноправност. Веројатно во сите јазици "малцинството" се поврзува со нерамноправност, нерамнопоставеност. Така, политичкото признавање на етничкото малцинство на секојдневно рамниште од една страна го затвора етничкото самообразие однадвор, претварајќи го секого, кој е негов носител, во "член на малцинството", а од друга страна - самото признаено етничко самообразие се претвара во негативен белег поради негативното значење, влезено во зборот "малцинство".

И, ако се вратам на почетното прашање - зошто се случува така на тенденциите на глобализацијата во политиката и економијата да им се придружат затворање и бележење на малцински групи, на етнички/национални разлики, со нагласка на групната посебност, а не на индивидуалната специфика, веројатно би си одговорила вака: нема како да прогледаме на индивидуалната специфика ако пред тоа не се сретнеме со групната посебност; а со групната посебност се "сретнуваме" кога обидот да и наметнеме на индивидуата групна идентичност се покажува неуспешен: значи, од една страна треба да имаме чувствителност за "отстранувањето", а од друга - треба да имаме општо поле, во кое можеме заемно да дејствуваме.

Цитирана литература:


Апиа, К.А., 1999. "Идентичност, автентичност, оцеляване: мултикултурните общества и социалното възпроизводство", В: А. Гутман (сьст.) Мултикултурализьм. Изследване върху политиката на признаване. Критика и хуманиз м, София .

Грекова, М., 1998. "Всекидневни представи за ´малцинство´. В.:А. Крьстева (сьст.) Общности и идентичности в Бьлгария. Петекстон, София.

Definition and Classification of Minorities (Memorandum submited by the Secretary-General). 1950. New York.

Договорь за мирь /Traite de paix.1919. София.

Major Peace Treaties of Modern History 1648-1967. 1967. VIII. Chelsea House Publishers, New York.

Рамкова конвенция за защита на националните малцинства. "Стандарт", 17.10.1997.

Сборник на международни актове и договори (Във връзка с изучаването на международното право). 1948. София.

War and Peace Aim of the United Nations (From Casablanca to Tokio bay - January 1, 1943 - September 1, 1945. 1948. World Peace Foundation, Boston.

Abstract:

The problem of "minority" is thought in different ways by politicians and social scientists, and their notions come to life and materialize in rather specific ways in everyday language and thinking. How come the opening of different and differently perceived borders, which is so typical of the contemporary world, happens to concur at the individual level with a process of closing, of focusing on identities, of formation of an "us" which perforce excludes "the Others" as strange and hostile? The quest for an answer to this question here is confined to an analysis of the meaning of the political "production" of ethnic minorities (from the post-World War I treaties to the Framework Convention for the Protection of National Minorities) and to an outline of the everyday dimensions of the politically produced problem of "minority."